**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Општина АЕРОДРОМ**
**Бр. уп.1 24-31**
**25.03.2015 год.**
**СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
УП1 бр. 24-31
25-03-2015 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ, решавајќи по барањето на инвеститорот Настел ДООЕЛ, од ул. Даме Груев бр.14 - Скопје, поднесено под број уп.1 24-31 од 13.02.2015 година, за издавање на Одобрение за градење Станбена зграда на "Новопроектирана улица 4" бб, КП 1770/8 и КП 1770/9, КО: Кисела Вода 2, Скопје од Втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13 и 79/13), а во врска со член 205, став (1) и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Р.М." бр. 38/05, 110/08 и 51/11), го издава следното:

## Одобрение за градење

На инвеститорот Настел ДООЕЛ, од ул. Даме Груев бр.14 - Скопје, му се одобрува изградба на Станбена зграда од Втора категорија, на Новопроектирана улица 4 во општина АЕРОДРОМ (или КП бр. КП 1770/8 и КП 1770/9, КО Кисела Вода.

Одобрение за градење се издава за целата градба.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

## Образложение

Инвеститорот Настел ДООЕЛ, поднесе барање бр. уп.1 24-31 од 13.02.2015 година, за издавање на Одобрение за градење на Станбена зграда од Втора категорија, на Новопроектирана улица 4 во општина АЕРОДРОМ (или КП бр. КП 1770/8 и КП 1770/9, КО Кисела Вода 2).

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Извод 780/2013 од ДУП Индустриска Зона УЕ В блок 1,3,4 и дел од блок 5, Општина Аеродром, бр. 23-5581/2 од 17.09.2013 година за ГП 4.3,
2. Фаза архитектура основен проект техн. бр. 613, проектант Настел ДООЕЛ Скопје, ревизија техн.бр. 10 - 9 - 1/14, ревидент Простор проект ДООЕЛ Прилеп,
3. Фаза конструкција основен проект техн. бр. 613, проектант Настел ДООЕЛ Скопје, ревизија техн.бр. 10 - 9 - 1/14, ревидент Простор проект ДООЕЛ Прилеп,
4. Фаза електротехника основен проект техн. бр. 613, проектант Настел ДООЕЛ Скопје, ревизија техн.бр. 10 - 9 - 1/14 ревидент Простор проект ДООЕЛ Прилеп,
5. Фаза водовод и канализација основен проект техн. бр. 613, проектант Настел ДООЕЛ Скопје, ревизија техн.бр. 08/2015 ревидент Виадукт ДООЕЛ Прилеп,
6. Фаза машинство основен проект техн. бр. 613, проектант Настел ДООЕЛ Скопје, ревизија техн.бр. 10 - 9 - 1/14 ревидент Простор проект ДООЕЛ Прилеп,

7. Фаза ППЗ основен проект техн. бр. 613, проектант Настел ДООЕЛ Скопје, ревизија техн.бр. 10 - 9 - 1/14 ревидент Простор проект ДООЕЛ Прилеп,
8. Фаза сообраќај основен проект техн. бр. 613, проектант Настел ДООЕЛ Скопје, ревизија техн.бр. 10 - 9 - 1/14 ревидент Простор проект ДООЕЛ Прилеп,
9. Правосилно Решение за утврдување на режимот на сообраќај број 15 -8997/4 од Град Скопје.
10. Потврда за енергетска ефикасност и Елаборат за енергетска ефикасност на објект техн. бр. 1/2015 од 01, 2015 година изработен од Климинг Скопје,
11. Мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата издадено од ИЗИИС, бр. 0807 - 73/5 од 27 01 2015 година.
12. Елаборат од геомеханички истражни работи Геопроект Прима ДООЕЛ Скопје,
13. Имотен лист 57637 К. Вода 2 бр. 1105 - 103586/2014 од 15 07 2014 година,
14. Геодетски елаборат за нумерички податоци бр. 1002-747/4 од 24.12.2014 година, изработен од ГеоМАП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје,
15. Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење во износ од 1.500 денари ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси и
16. Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште бр. 15 - 13 - 2221/1 - Д од 25 02 2015 година и Потврда бр. 15 - 13 - 2221/1 - П од 25 02 2015 година од Град Скопје,
17. Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште бр. уп1 24 - 31 од 24 03 2015 година и Потврда бр. 28 - 2337/1 од 18 03 2015 година од Општина Аеродром.

Согласности и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи, Евн КЕЦ Аеродром, ЈП Водовод и канализација, Скопје, ДЗС К. Вода

Врз основа на горе изнесеното, Општина АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

**Изработил: <u>Страшко Хаџи Коцев</u>**
**Контролирал: <u>Страшко Хаџи Коцев</u>**

**Име и презиме и потпис на овластено лице**

**<u>Страшко Хаџи Коцев</u>**

**<u>ДОСТАВЕНО ДО:</u>**
**<u>Настел ДООЕЛ,</u>**